**МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СОБИР**
**„ВТОРИ РОМАНИСТИЧКО-БАЛКАНИСТИЧКИ СРЕДБИ**
**(ВО ЧЕСТ НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА БОЖИДАР НАСТЕВ)“**

**12-13 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

Катедрата за романски јазици и книжевности и Катедрата за македонски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“) го организираат Меѓународниот научен собир „Втори романистичко-балканистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев)“ кој ќе се одржи на 12 и 13 декември 2024 година.

Божидар Настев (1924-1980) беше професор по француска книжевност, декан и продекан на Филолошкиот факултет и долгогодишен раководител на Катедрата за романски јазици и книжевности. Вршејќи ги тие одговорни функции, тој даде суштински придонес во унапредувањето на Факултетот, а особено во растот и развојот на Катедрата за романски јазици и книжевности, поттикнувајќи го воведувањето на италијанскиот, романскиот и шпанскиот јазик. Божидар Настев беше и брилијантен преведувач на капитални дела од француската книжевност на македонски јазик, но и теоретичар на преводот. И покрај посветеноста на книжевноста (пред сè француската и македонската) како главна професионална ориентација, Божидар Настев истражува и лингвистички теми со романистички и со балканистички карактер поврзани со францускиот и со македонскиот, но и со италијанскиот и со ароманскиот, кој го проучува во контекст на неговите контакти со македонскиот јазик и кој зазема посебно место во неговиот научен опус.

На овој научен Собир, свое излагање ќе имаат над 60 научници и истражувачи од универзитети и од научни институции од земјава и од странство кои ќе разменат мислења за теми од областа на лингвистиката, дидактиката, преведувањето и книжевноста од еднојазична или од повеќејазична компаративна или контрастивна перспектива. Работни јазици на Собирот се македонскиот, францускиот, шпанскиот, романскиот и италијанскиот јазик.

Свеченото отворање на Собирот е во **четврток 12 декември 2024 г. во 10 часот** во Салата за седници на Филолошкиот факултет. Подетални информации за настанот може да се најдат на https://flf.ukim.mk/meghunaroden-nauchen-sobir/.

Настанот се реализира со финансиска поддршка од Амбасадата на Шпанија во Скопје.